РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 16.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2766/1 | 0 | |

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка.*

**Пратеници:**

Димитар Апасиев________________

Борислав Крмов________________

Реџеп Исмаил________________

Јована Мојсоска________________

Амар Мециновиќ________________

Сашко Јанчев________________

2

Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,
април 2026 година

## ВОВЕД

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно Уставот на Република Македонија граѓаните пред Уставот и законите се еднакви, и секој е должен да плаќа данок, други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредуваат видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка и роковите за плаќање, како и други прашања кои се значајни за утврдување и наплата на придонесите. Постоечките позитивно-правни одредби, како што се одредбите за највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за социјално осигурување за различни категории вработени лица пак, продуцираат нееднаквост – спротивно на еднаквоста гарантирана со Уставот.

Овие одредби утврдуваат максимален износ на приход на кој може да се пресметуваат придонеси, при што основицата се определува во однос на просечната плата во Република Македонија. Таквата ситуација во пракса овозможува привилегиран статус за одредени лица, при што и самиот закон во целина генерира нееднаквост и врши класификација на групи на граѓани согласно нивниот приход. Така, за вработени лица и лица со управувачки функции во трговски друштва, согласно постојното решение, максималниот износ на приход на кој се пресметуваат придонеси изнесува 16 просечни плати, за самовработени лица 12 просечни плати, а за корисници на паричен надоместок при привремена невработеност 80% од просечната плата. Додека за износот на примања што го надминува утврдениот максимум не се пресметуваат ниту се уплатуваат придонеси.

Во бројки за 2026 година тоа изгледа вака:

- Според податоците објавени од Државен завод за статистика во јануари 2026 година, просечната бруто плата по работник во Република Северна Македонија изнесува 69.141 денари. Овој износ претставува основа за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметување на придонесите од задолжително социјално осигурување за периодот од јануари до декември 2026 година.
- Според тоа најниската основица за пресметка на придонесите за 2026 година изнесува 34.570 денари, што претставува 50% од просечната бруто плата.

Тоа значи дека дури и кога бруто платата е пониска од овој износ, придонесите се пресметуваат најмалку на оваа основица.

- Од друга страна, највисоката основица за пресметка на придонесите за лица во работен однос, како и за членови на управни и надзорни органи во трговски друштва, изнесува 1.106.256 денари (16 просечни бруто плати), додека за самовработените лица максималната основица е 829.692 денари, односно 12 просечни бруто плати.

Според податоците добиени од МПИН-образците (месечни пресметки за интегрирана наплата на даноци и придонеси) кои работодавачите ги доставуваат до Управата за јавни приходи, во јули минатата година највисоката исплатена плата изнесувала 19.935.728 денари, додека во топ три највисоки исплати влегле и исплатите од 13.338.000 и 10.409.056 денари на име плата и додатоци на плата. Основицата за пресметка и плаќање на придонеси за овие исплатени плати изнесувала 1.010.464 денари. Согласно ова, податоците укажуваат на тоа дека моменталниот модел на пресметка и плаќање на придонеси овозможува нееднаквост, особено со оглед на тоа што во државата мнозинството на работници земаат нето и бруто плати кои се далеку од максималната основица, но истовремено го носат и најголемиот товар за плаќање на придонеси од причина што истите немаат повластици во однос на максимално ограничување на износот за придонеси. Така на пример лицето кое примило плата 19.935.728 денари платило само десетина пати поголем износ за придонеси од лице кои примило минимална плата во износ од 24.379 денари, додека соодносот на финансиските примања меѓу овие две лица е далеку несразмерна.

Оттука заради надминување на нееднаквоста во примената на законот, со кој во моментов најголемиот финансиски буџетски товар го носат лицата со помали примања, го предлагаме овој предлог закон со кој граѓани кои остваруваат примања над моменталниот максимален праг на основица за плаќање на придонеси, ќе плаќаат на еднаков начин и во ист соодност како и останатите граѓани, со што ќе се овозможи еднаквост пред Уставот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија. Напротив, истиот овозможува зголемување на јавните приходи во Буџетот.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог на законот не се потребни дополнителни финансиски средства.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/2008; 62/2009; 64/2009; 156/2009; 166/2010; 53/2011; 185/2011; 44/2012; 150/2012; 15/2013; 91/2013; 170/2013; 97/2014; 113/2014; 180/2014; 188/2014; 8/2015; 8/2015; 20/2015; 48/2015; 129/2015; 217/2015; 190/2016; 171/2017; 35/2018; 247/2018; 251/2022; 3/2025 и 267/2025) член 16 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи два члена.

Со членот 1 се брише членот 16 од основниот закон, со кој е предвиден максимален износ на основица за плаќање на придонеси за задолжително социјално осигурување, а според која максималниот износ кој подлежи на плаќање на придонеси изнесување 16 просечни плати, одредба што во правна примена создава нееднаквост и дискриминација.

Членот 2 го предвидува денот на влегување во сила на законот запазувајќи го вообичаениот уставен рок *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното решение ќе предизвика поголема правичност на системот за пресметка и плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување, а со самото тоа ќе овозможи поголеми буџетски приходи за фондот за социјално осигурување.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**
**КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ**
(ИЗВОД)

**Член 16**

(1) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос од еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси е износот од шеснаесет просечни плати.

(2) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од шеснаесет просечни плати.

(3) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од дванаесет просечни плати.

(4) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност изнесува 80% од просечната плата по работник во Република Северна Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

(5) При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Северна Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

(6) На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.